Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 56 / 1
17.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## Член 1

Се усвојуваат измените на Условите за дневно комбинирано осигурување на моторни возила бр.0202-75/1 од 04.09.2024година .

## Член 2

1. Во точка 1 од член 1 се менуваат зборовите *УНИКА АД Скопје* и истите во иднина ќе гласат *СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје* .
2. Во член 5, се менува меил адресата, односно зборовите *info@uniqa.mk* и истите во иднина ќе гласат *info@sigal.com.mk* .
3. Во член 22 се менува меил адресата, односно зборовите *info@uniqa.mk* и истите во иднина ќе гласат *info@sigal.com.mk* .
4. Во членот 5 се додава нова точка (6), која гласи :

   *Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .*
   *Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот .*

5. Член 24 се дополнува со нов став, кој гласи :

   *Осигурувачот нема обврска за исплата на настанатата штета, доколку побарувањето за истата е застарено согласно одредбите од Законот за облигационите односи.*

## Член 3

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година .

## Член 4

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување .

Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на застарувањето на побарувањата .

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритан Азизи

SIGAL Insurance Group
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција
Сектор за правни работи